PORSCHE
HOLDING

# НАШИОТ КОДЕКС

# СОДРЖИНА




**НИЕ СМЕ ЕДНО**

**НИЕ СМЕ ПОСВЕТЕНИ ПОЕДИНЦИ**

**1.1** Човекови права
**1.2** Етичко лидерство
**1.3** Различност, еднакви можности и еднакво учество
**1.4** Крени го гласот
**1.5** Застапување на вработените

**НИЕ СМЕ ДОВЕРЛИВИ КОЛЕГИ**

**2.1** Здравје и безбедност при работа
**2.2** Управување со средствата на Компанијата
**2.3** Безбедност и заштита на информации, експертиза и интелектуална сопственост

**НИЕ СМЕ ОДГОВОРНИ ПАРТНЕРИ**

**3.1** Конфликт на интереси
**3.2** Придобивки
**3.3** Забрана за корупција
**3.4** Забрана за инсајдерско тргување
**3.5** Забрана за перење пари и финансирање тероризам
**3.6** Фер и слободна конкуренција
**3.7** Деловни партнери, набавки и продажба
**3.8** Сметководство и финансиски извештаи
**3.9** Контрола на извоз

**НИЕ СМЕ ЧЕСНИ КОРПОРАТИВНИ ГРАЃАНИ**

**4.1** Комуникации и маркетинг
**4.2** Политичко лобирање
**4.3** Соработка со јавни службеници
**4.4** Донации и спонзорства
**4.5** Даноци и царина
**4.6** Заштита на податоци
**4.7** ИТ безбедност
**4.8** Усогласеност на производи
**4.9** Заштита на околината

**ПОДДРШКА**

# GROUP ESSENTIALS

Group Essentials се темелот на вредностите на нашата групација што ги поврзува сите луѓе во сите брендови и компании. Тие ја формираат основата на нашата корпоративна култура.

I Ја преземаме одговорноста за животната средина и општеството.

II Ние сме искрени и зборуваме кога нешто не е во ред.

III Пробиваме нова основа.

IV Живееме различност.

V Горди сме на работата што ја работиме.

VI Ние не јас.

VII Ние си го држиме зборот.




# Ние сме едно

**Кодексот на однесување на Порше Холдинг, НАШИОТ КОДЕКС, е етичка основа на вредности за работа со интегритет во согласност со правилата на нашата Групација. Содржи задолжителни насоки за сите вработени во сите брендови и компании - ширум светот.**

Заедно, сносиме одговорност за нашата соработка, нашето работно место, животната средина, одржливоста и општеството. Си пристапуваме еден на друг, но и на сите други, со почит и праведно, онакви какви што сме, еднакви. Имаме став, непоколебливи сме и храбри кога станува збор за нашите вредности и начела – без разлика на временскиот, економскиот или социјалниот притисок.
Цврсто сме убедени дека е неопходно секој од нас – вработените, членовите на Управниот одбор и менаџерите – да бидеме чесни и на тој начин да ја зајакнеме довербата во нашата компанија, нашите производи, услуги и иновации. Затоа, одлуките што ги носиме во сите области и улоги мора да се усогласени со нашите корпоративни вредности и важечките национални и меѓународни закони, прописи и внатрешни доброволни заложби.

Ова важи и за континуираниот развој на нашата Компанија, како и за изборот, набавката, развојот и употребата на иновативни технологии како што е вештачката интелигенција. Транспарентноста е важна за нас, а нашиот пристап кон иновативните технологии гарантира почитување на правата и безбедноста на корисниците.

Не толерираме непочитување на Кодексот на однесување. Секој што ќе ги прекрши правилата мора да се соочи со последиците. За да се увериме дека тоа нема да се случи, заедно бараме совет и поддршка за да ја заштитиме нашата Компанија, нејзините вредности и угледот на сите брендови.

Секој од нас е лично одговорен за почитување на **НАШИОТ КОДЕКС**. Сите ние мора да ги знаеме начелата од Кодексот и да се водиме според нив при секојдневното одлучување. За Групација во постојано движење, за заштита на луѓето и животната средина и за идните генерации.



# НИЕ СМЕ ПОСВЕТЕНИ ПОЕДИНЦИ

**Ги прифаќаме нашите корпоративни вредности, начела и правила и на тој начин промовираме доверлива, искрена и чесна интеракција. Сите ние служиме како пример.**


1.1 Човекови права
1.2 Етичко лидерство
1.3 Различност, еднакви можности и еднакво учество
1.4 Крени го гласот
1.5 Застапување на вработените

## 1.1 Човекови права

# Одговорни сме за човековите права

### КОРПОРАТИВНО НАЧЕЛО

Почитувањето на човековите права е од огромно значење. Убедени сме дека одржливата економска активност е можна само со етичко делување и интегритет. Во рамките на нашите претприемачки активности, целосно сме посветени на почитување на човековите права. Управниот одбор на Групацијата, Европскиот работнички совет на Групацијата Volkswagen и Глобалниот работнички совет на групацијата Volkswagen се обврзуваат кон тоа со Декларацијата за социјални права, индустриски односи и деловни и човекови права на Групацијата, позната како Социјална повелба.

Остануваме посветени на меѓународните договори и декларации, особено Меѓународната повелба за човекови права и основните работни стандарди на Меѓународната организација на трудот (МОТ). Нашите претприемачки активности ги следат Водечките принципи на ОН за бизнисот и човековите права (Глобален договор на ОН), кои ги одредуваат најважните камен-темелници за нашите активности.

### МОЈОТ ПРИДОНЕС

И јас како вработен можам да дадам СВОЈ ПРИДОНЕС за почитување на човековите права. Човековите права ги сметам за фундаментални и сум против секаква злоупотреба на човековите права во мојата околина.

Доколку забележам злоупотреба на човековите права во професионалното опкружување, го спречувам тоа или веднаш го прекинувам. Доколку е потребно, го информирам мојот претпоставен или стапувам во контакт со некое од лицата наведени во поглавјето „Поддршка".





### ПРИМЕР

Некој ве информира дека еден од нашите добавувачи не им ги исплаќа реалните плати на своите вработени и дека го прекршува законот за работни односи со толерирање на 80-часовни работни недели. Освен тоа, платата на некои од вработените кај добавувачот е под минималната загарантирана плата.

Информирајте го претпоставеното лице и Системот на укажувачи за својата загриженост во врска со злоупотребата на човековите права. Нашата компанија подетално ќе ги испита наводите со цел да ги преземе потребните мерки. Ова може да подразбира и прекинување на деловните односи со добавувачот во прашање.

## 1.2 Етичко лидерство

# Предводиме со нашите вредности

### КОРПОРАТИВНО НАЧЕЛО

Ги почитуваме корпоративните вредности, начела и правила, преземаме одговорност за личниот и корпоративниот раст и водиме со ПРИМЕР. Должностите, овластувањата и улогите ги вршиме на правилен, фер и одговорен начин. Ова важи и за личните односи на работното место, особено доколку може да се злоупотребат вработувањата или хиерархиската поставеност. Нашите одлуки се секогаш транспарентни, со добро расудување, водени од интегритет и во најдобар интерес на Компанијата и нејзините вработени, деловни партнери и акционери. Ја зајакнуваме довербата и правиме промени во компанијата со лидерство засновано на вредности.

### МОЈОТ ПРИДОНЕС

Свесен сум дека мора да служам како пример во рамките на Компанијата и пошироко. Моето однесување и постапки секогаш се водени од интегритет и чувство на одговорност врз основа на овој Кодекс на однесување, корпоративните вредности, начела и правила.Се залагам за интеракција во духот на довербата, искреноста и праведноста и отворен сум за различни гледни точки.

### ПРИМЕР

За да завршите еден проект за закажување, тимот предлага да прескокнете еден чекор во процесот. Велат дека чекорот е непотребен. Им укажувате дека важечките правила мора да се почитуваат без разлика на притисокот. Заедно барате решение кое е во согласност со барањата и нашите вредности. Се обврзувате да го ревидирате процесот во соработка со сите засегнати лица и, каде што е можно, да го поедноставите. На тоа се обврзувате како менаџер и член на тимот.

## 1.3 Различност, еднакви можности и еднакво учество

# Ја почитуваме различноста

### КОРПОРАТИВНО НАЧЕЛО

Различноста, еднаквите можности и еднаквото учество се важни начела за правичен, недискриминаторски третман и соживот. Веруваме во соработка во духот на партнерството, со толеранција и меѓусебна почит. Поддржуваме различност во работната сила и инклузивна работна средина.

Нудиме еднакви можности за сите и ги отфрламе сите форми на дискриминација. Ова особено се однесува на нееднаков третман поради етничко или социјално потекло, боја на кожа, биолошки пол, националност, јазик, религија, идеологија, возраст, физички или ментални пречки, родов идентитет, сексуална определба, политички ставови или други карактеристики заштитени со закон. Живееме различно, активно ја поддржуваме инклузијата и создаваме средина која не само што го поттикнува ангажманот на сите вработени, туку и индивидуалноста во интерес на Компанијата.

Нашите вработени се избираат, ангажираат и развиваат врз основа на нивните квалификации и вештини.

### МОЈОТ ПРИДОНЕС

Ги почитувам принципите на различност, еднакви можности и еднакво учество и ги охрабрувам луѓето околу мене да го сторат истото.

Доколку забележам непочитување на начелата на еднакви можности и еднакво учество од типот на нефер третман, вознемирување и малтретирање, ги предупредувам чинителите за нивното недолично однесување. Доколку не сум во позиција директно да влијаам на настаните, веднаш го известувам Секторот за човечки ресурси за инцидентот или стапувам во контакт со лице наведено во поглавјето „Поддршка“.

### ПРИМЕР

Слушате како некои од луѓето со кои работите даваат несоодветни коментари за луѓето поврзани со нивната националност, пол, сексуална определба или боја на кожа.

Веднаш кренете го гласот против ваквата дискриминација или стапете во контакт со едно од лицата наведени во поглавјето „Поддршка“.

### 1.4 Крени го гласот

# Го креваме гласот кога нешто е погрешно



**КОРПОРАТИВНО НАЧЕЛО**

Сакаме да учиме од грешките и постојано да се подобруваме. Затоа сме против сѐ што е погрешно или што се чини погрешно, макар тоа да е непријатно и незгодно. За таа цел, промовираме култура на интегритет и сме во активен дијалог со нашиот тим и нашите надредени. Бараме совет и поддршка доколку имаме прашања или проблеми. Ги штитиме сите што придонесуваат за ваквата култура.

За нас, секојдневното почитување на надворешните и внатрешните правила е најважно. Не толерираме недолично однесување. Веруваме дека замижувањето пред проблемите никогаш не може да биде вистинското решение. Затоа, веднаш и соодветно реагираме на недолично однесување и прекршување на правилата.

Менаџерите секогаш даваат пример со своето однесување во согласност со нашите правила и прописи. Оваа важна функција ја вршат со поттикнување на вработените да се придржуваат до правилата, промовирајќи култура на грешки и соодветна реакција на прекршоците.

**МОЈОТ ПРИДОНЕС**

Моја прва точка на контакт за прашања, дилеми или разумно сомневање за прекршување на внатрешните или надворешните прописи е мојот претпоставен, или пак, може да побарам совет од експерти за областа. Секторот за човечки ресурси и претставниците на вработените, како и Секторот за усогласеност се достапни за поддршка во секое време. Покрај тоа, треба да го пријавам секое разумно сомневање за сериозни повреди на законот преку Системот на укажувачи. Како вработен во менаџментот, должен сум да го пријавам секое такво сомневање.

**ПРИМЕР**

Рокот за предлог одлуката доставена до комисијата истече и забележувате дека со тимот сте направиле грешка. Знаете дека не е можно да се донесе соодветна одлука врз основа на доставените податоци.

Веднаш информирајте го својот претпоставен и секторите одговорни за комисијата. Заеднички најдете начин да го коригирате документот. Со тимот поразговарајте како може да ги избегнете такви грешки во иднина.

## 1.5 Застапување на вработените

# Тесно соработуваме - нашето партнерство е конструктивно, кооперативно и фер

Го признаваме основното право на сите вработени да основаат синдикати и претставништва на вработените.

Со претставниците на вработените соработуваме искрено и со доверба, водиме конструктивен и кооперативен дијалог и се стремиме кон урамнотеженост на интересите. Професионалниот однос со претставниците на вработените е дел од нашата корпоративна култура.

Заштитата на иднината на Групацијата и нејзините вработени се постигнува само во духот на заедничко решавање на конфликтите и социјална посветеност со цел економска и технолошка конкурентност. Економската ефикасност и заштитата на работните места се наши еднакво важни и заеднички цели.





# НИЕ СМЕ ДОВЕРЛИВИ КОЛЕГИ

**Нашата одговорност на работното место ја сфаќаме многу сериозно и го штитиме она што е вредно за нашиот тим, нашата Компанија и нашите клиенти.**


2.1 Здравје и безбедност при работа

2.2 Управување со средствата на Компанијата

2.3 Безбедност и заштита на информации, експертиза и интелектуална сопственост

## 2.1 Здравје и безбедност при работа

# Ги почитуваме и промовираме здравјето и безбедноста

### КОРПОРАТИВНО НАЧЕЛО

Нашата одговорност за безбедноста и здравјето на нашите вработени ја сфаќаме многу сериозно. Ги промовираме здравјето и безбедноста при работа согласно одредбите на националните закони и прописи и Политиката за здравје и безбедност при работа на Компанијата.

Здравјето и безбедноста при работа за вработените се од суштинско значење за одржливата иднина за нашата Компанија и позиционирање на истата како атрактивен работодавач. Повеќето несреќи и болести поврзани со работа може да се спречат. Затоа, имаме за цел да го заштитиме и унапредиме физичкото и менталното здравје на нашите вработени. Затоа е потребна соработка и учество на сите.

### МОЈОТ ПРИДОНЕС

Ги почитувам прописите и упатствата за здравје и безбедност при работа. Не го загрозувам сопственото здравје и безбедност ниту здравјето и безбедноста на мојот тим или трети лица. Ги поддржувам сите, не игнорирам и прифаќам помош.

Во рамките на мојата област на одговорност, ги преземам сите соодветни и законски мерки за безбедна работна средина. Укажувам на небезбедните активности или услови. Активно придонесувам за одржување и унапредување на моето здравје со доброволно учество во превентивната здравствена заштита и активностите за унапредување на здравјето. Ги следам насоките, посетувам обуки и соодветно поставувам.

### ПРИМЕР

Забележувате дека уредот во вашиот оддел најверојатно има електричен дефект. Не го активирајте уредот и известете го одговорниот претпоставен да ги координира понатамошните активности. Не е дозволено сами да поправате електрична опрема бидејќи тоа може да биде опасно.

## 2.2 Управување со средствата на Компанијата

# Ги штитиме нашите средства - без разлика дали се видливи или невидливи

### КОРПОРАТИВНО НАЧЕЛО

Ги почитуваме материјалните и нематеријалните средства на Компанијата и не ги користиме за лични цели, туку исклучиво за постигнување на деловните цели на Компанијата. Можни се исклучоци доколку внатрешните политики и прописи дозволуваат приватна употреба.

### МОЈОТ ПРИДОНЕС

Се придржувам до правилата на Компанијата и внимавам како постапувам со средствата на Компанијата.

### ПРИМЕР

Ќерка ти те прашува дали може да ѝ донесеш картички за забелешки и пенкала од канцеларијата за да ги користи за својот училиштен проект.

Ѝ објаснувате дека не ви е дозволено да користите канцелариска опрема за приватни цели.

## 2.3 Безбедност и заштита на информации, експертиза и интелектуална сопственост

# Ги заштитуваме информациите и интелектуалната сопственост

### КОРПОРАТИВНО НАЧЕЛО

Свесни сме колку е вредна експертизата на Компанијата и внимаваме да ја заштитиме. Ја почитуваме интелектуалната сопственост на конкурентите, деловните партнери и други трети страни.

### МОЈОТ ПРИДОНЕС

Внимавам на сите информации на Компанијата и не ги откривам на неовластени лица. Посебно се грижам за информациите кои се однесуваат на техничкото знаење, патентите и трговските и деловните тајни.

### ПРИМЕР

Вашиот технички изум ќе почне да се произведува сериски. Размислувате за ова да му кажете на колегата кога ќе го сретнете во возот на пат кон дома.

Имајте предвид дека идеите и патентите се интелектуална сопственост на Компанијата и за нив не смеете да дискутирате јавно. Доколку имате некаква дилема, контактирајте го претпоставениот или соодветниот сектор.





# НИЕ СМЕ ОДГОВОРНИ ПАРТНЕРИ

**Довербата е нашето најголемо богатство. Затоа, вложуваме во чесни, доверливи, транспарентни и фер деловни односи.**


3.1 Конфликт на интереси
3.2 Придобивки
3.3 Забрана за корупција
3.4 Забрана за инсајдерско тргување
3.5 Забрана за перење пари и финансирање тероризам
3.6 Фер и слободна конкуренција
3.7 Деловни партнери, набавки и продажба
3.8 Сметководство и финансиски извештаи
3.9 Контрола на извоз

### 3.1 Конфликт на интереси

# Одлуките ги носиме врз основа на факти, на тој начин избегнуваме конфликт на интереси




**КОРПОРАТИВНО НАЧЕЛО**

Работиме со интегритет. Затоа, од особена важност е да се избегнуваат секакви потенцијални конфликти на интереси при извршувањето на работните обврски. Потребно е препознавање и обелоденување на можните конфликти со кои се соочуваме или ги забележуваме. Потенцијален конфликт на интереси веќе постои доколку приватните или личните финансиски интереси на вработените влијаат или би можеле да влијаат на нивните деловни одлуки. Ова важи и за личните односи на работното место, особено во однос на работните односи или хиерархиската поставеност.

Конфликт на интереси може да има и кај самите вработени или преку лица блиски до нив, особено како резултат на вмешаност во други компании, преку секундарно вработување, во врска со членства или во однос на личните финансиски околности на вработените. Во овој контекст, предвид се земаат и деловните односи со трети страни, како што се другите компании во рамките на Групацијата или добавувачите.

**МОЈОТ ПРИДОНЕС**

Доколку сметам дека се соочувам или се сомневам дека може да се соочам со потенцијален конфликт на интереси, веднаш го известувам мојот претпоставен и Секторите за човечки ресурси и усогласеност и ги изложувам фактите. Во случај да се утврди конфликт на интереси, заеднички бараме решение кое ги штити интересите на Компанијата.

**ПРИМЕР**

Работите во набавки и сте распишале тендер. Дознавате дека вашиот најдобар пријател има удел во една од компаниите што аплицирале.

Информирајте го претпоставениот за ситуацијата, документирајте го можниот конфликт на интереси и повлечете се од процесот на одлучување за да избегнете конфликт на интереси.

## 3.2 Придобивки

# Внимателно ги проверуваме сите придобивки

**КОРПОРАТИВНО НАЧЕЛО**

Нашите производи и услуги се она што нè дефинира. Затоа, придобивките во форма на подароци и покани се дозволени само доколку се соодветни.

Нашите внатрешни политики за подароци, покани и деловни оброци одредуваат кои придобивки се соодветни и кои чекори мора да се преземат при земање и/или давање на истите.

**МОЈОТ ПРИДОНЕС**

Ги знам политиките за подароци, покани и деловни оброци и строго се придржувам до нив.

Проверувам дали моето однесување е соодветно и дали тоа може да влијае на моите деловни одлуки.

**ПРИМЕР**

Вработените од еден деловен партнер ви подаруваат Bluetooth слушалки за роденден. Дури и ако сте сигурни дека прифаќањето на овој подарок нема да влијае врз деловните односи, треба критички да ја разгледате придобивката и нејзината соодветност врз основа на важечката политика.

Доколку не сте сигурни дали да го прифатите или одбиете подарокот, побарајте совет од претпоставениот и одлучете заедно.



## 3.3 Забрана за корупција

# Не поткупуваме никого и не примаме мито

**КОРПОРАТИВНО НАЧЕЛО**

Корупцијата е забранета насекаде во светот. Корупција е кога некој ја злоупотребува професионалната положба за да прибави корист за себе или за трето лице и со тоа им наштетува на другите.

Придобивките, како што се покани и подароци, особено кога се работи со јавни службеници, може да бидат доказ за корупција. Затоа, подароците треба да бидат ретки во деловните односи. Може да се даваат или земаат согласно внатрешните политики и важечките закони.

**МОЈОТ ПРИДОНЕС**

Не поткупувам никого и не прифаќам мито, а го избегнувам и несоодветното влијание. Ги разгледувам внатрешните правила пред да дадам или прифатам било каков подарок или покана.

Доколку добијам информации поврзани со корупција, веднаш информирам еден од контактите наведени во поглавјето „Поддршка".

**ПРИМЕР**

Работите на развој на софтвер и од вас се бара да доделите голем проект на надворешен давател на услуги. Еден од давателите на услуги кои се поканети да доставаат понуда ви нуди голема сума пари за нивната компанија да го добие проектот.

Ова однесување на давателот на услуги претставува обид за корупција. Веднаш контактирајте го претпоставениот или Секторот за усогласеност.



## Забрана за инсајдерско тргување

# Не споделуваме интерни информации

**КОРПОРАТИВНО НАЧЕЛО**

Информациите поврзани со работата на Компанијата ги споделуваме согласно барањата на пазарот на капитал и не толерираме тргување со инсајдерски информации. Тоа се прецизни информации кои не ѝ се познати на јавноста и кои, доколку се објават, веројатно значително ќе влијаат врз цената на финансиските инструменти, на пр., акции и удели. Податоците во врска со проектите и процесите на Компанијата може да се користат само интерно во согласност со важечките внатрешни политики и не смее да се откриваат на која било надворешна страна, вклучително и членови на семејството, на пр., брачен другар.

**МОЈОТ ПРИДОНЕС**

Не тргувам со инсајдерски информации, ниту ѝ укажувам или поттикнувам трета страна да го стори истото. Не обелоденувам внатрешни информации освен ако тоа се бара со мојата работа и се придржувам до релевантните внатрешни политики. Се обврзувам да се запознам со важечките внатрешни правила.

Доколку добијам пристап до внатрешни информации, не купувам ниту пак продавам финансиски инструменти врз основа на таквите информации. Ова не се однесува само на тргување со акции на компании кои котираат на берзата и ѝ припаѓаат на Групацијата или се нејзини деривати, туку и за тргување со финансиски инструменти воопшто, т.е. и со оние на добавувачите.

**ПРИМЕР**

На работа дознавате дека наскоро ќе се објави стекнувањето на голема компанија добро позната во светот. Освен тоа, дознавате дека цената на акциите на Компанијата значително ќе нарасне откако ќе се објави трансакцијата. Знаете дека еден добар пријател размислува да ги продаде своите акции во нашата Компанија. Размислувате да му кажете да почека со продажбата на акциите.

Не кажувајте му ништо на пријателот. Информациите не се јавни туку инсајдерски и затоа не смеете да ги споделувате. Давањето такви информации директно или индиректно може да доведе до кривично гонење.

## 3.4 Забрана за перење пари и финансирање тероризам

# Посветени сме на чесни деловни практики

**КОРПОРАТИВНО НАЧЕЛО**

Перењето пари претставува ставање финансии или други средства кои директно или индиректно потекнуваат од кривични дела во оптек во легалната економија со цел нивниот извор да изгледа легален. Финансирање тероризам е кога пари или други ресурси се ставаат на располагање за криминални терористички активности или за поддршка на терористички организации. Одговорноста не подразбира дека вклученото лице мора да знае дека преку одредена трансакција се перат пари. Ненамерната вклученост во перење пари може да е основ за кривично дело за вклучените лица.

Внимателно го проверуваме идентитетот на клиентите, деловните партнери и третите страни со кои сакаме да соработуваме. Наша цел е да работиме исклучиво со реномирани партнери кои делуваат во согласност со законските одредби и кои користат ресурси од легитимни извори.

Плаќањата ги насочуваме на соодветните услуги без одлагање и соодветно ги пријавуваме. Гарантираме транспарентни и отворени парични текови.

**МОЈОТ ПРИДОНЕС**

Не преземам ништо што може да ги прекрши одредбите за перење пари дома или во странство. Внимавам и веднаш го проценувам секое сомнително однесување од страна на клиентите, деловните партнери и трети страни. Доколку наидам на информации со основ за сомневање, веднаш стапувам во контакт со лицето одговорно за спречување перење пари.

Се придржувам до сите важечки одредби за евидентирање и објавување трансакции и договори во рамките на мојата област на одговорност во сметководствениот систем.



**ПРИМЕР**

Клиентот сака да склучи договор за финансирање, но одбива да даде некои вообичаени документи кои се неопходни за комплетирање на документите за финансирање. Документите ви се потребни за да го склучите договорот за финансирање.

Доколку не ги добиете документите што ви се потребни или не се приложи лична карта, овој конкретен договор не може да се склучи.

## 3.5 Фер и слободна конкуренција

# Посветени сме на фер и слободна конкуренција

**КОРПОРАТИВНО НАЧЕЛО**

Слободната и фер конкуренција е заштитена со законите за антимонополско однесување кои важат низ целиот свет. Усогласеноста со нив гарантира спречување на непотребно нарушување на конкуренцијата на релевантните пазари - во полза на сите играчи на пазарот.

Конкретно, забранети се договори и договорени практики меѓу конкурентите со цел спречување или ограничување на слободната конкуренција.

Ова особено се однесува на размена на цени и ценовни компоненти, рокови и услови, делење групи и територии на клиенти и ограничување иновации. Забранета е и размена на конкурентно чувствителни информации и злоупотреба на доминантната положба на пазарот. Понатаму, постапките за контрола на спојувања во однос на соработки и трансакции мора да се почитуваат.

Антиконкурентното однесување има потенцијал не само значително да го наруши угледот на Компанијата, туку и да доведе до високи глоби, казни и финансиски надомест за штетите.

Работиме исклучиво врз основа на начелата на заслуга и пазарна економија, како и слободна и отворена конкуренција. Сакаме да се натпреваруваме со нашите конкуренти, секогаш почитувајќи ги законите, прописите и етичките начела.

Не склучуваме антиконкурентни договори со конкуренти, добавувачи или клиенти. Доколку нашата Компанија има доминантна положба на пазарот, ние не ја злоупотребуваме.

Се придржуваме до важечките антимонополски одредби за дистрибутивните системи при зделки со овластените партнери за дистрибуција.

**МОЈОТ ПРИДОНЕС**

Секогаш кога контактирам со конкуренцијата, внимавам да не дадам или добијам информации од кои може да се извлечат заклучоци за тековното или идно деловно однесување.

Во дискусии или други контакти со конкурентите, избегнувам прашања кои би можеле да бидат релевантни за меѓусебната конкуренција.



**ПРИМЕР**

Се среќавате со вработените на конкурентите на конференција. Разменувате идеи. Внимавајте да не откриете некоја трговска тајна - особено информации и детали што би можеле да влијаат на слободната и фер конкуренција. Такви информации се цените на производите и услугите, платите или стратешките детали.

## 3.6 Деловни партнери, набавки и продажба

# Внимателно проверуваме со кого работиме

### КОРПОРАТИВНО НАЧЕЛО

Внимателно избираме добавувачи, даватели на услуги и партнерски компании врз основа на објективни критериуми и конкурентни начела. Соработуваме само со деловни партнери согласно законските барања, внатрешните правила и насоки.

Внимателно го проверуваме интегритетот на потенцијалните деловни партнери пред да стапиме во деловен однос и ги следиме процесите и постапките за контакт утврдени во правилата и политиките.

Кога купуваме или продаваме производи и услуги, навремено ги вклучуваме соодветните сектори во процесот согласно важечките политики.

### МОЈОТ ПРИДОНЕС

Го проверувам интегритетот на потенцијалните деловни партнери пред влегување во деловен однос и ги следам процесите и постапките за контакт утврдени во правилата и политиките. Не покажувам пристрасност во корист на добавувач, давател на услуги или партнерска компанија без објективна причина и сум за лојална конкуренција.

Не купувам производи или услуги без претходно да соберам информации за пазарот и алтернативните добавувачи. Ги следам важечките упатства за набавки и го вклучувам Секторот за набавки во рана фаза пред планираната испорака и извршување на услугите во согласност со важечките процеси на купување.

Се уверувам дека се плаќа само за услуги кои се навистина дадени и дека плаќањата се сразмерни на дадените услуги.

Се придржувам и до релевантните политики пред да се даде провизија на компаниите на Групацијата.

### ПРИМЕР

Ви посочуваат дека добавувачот, давателот на услуги или партнерската компанија треба да се ангажира без вклучување на Секторот за набавки.

Контактирајте го Секторот за набавки или еден од контактите наведени во поглавјето „Поддршка“ за да се земе предвид понудата што е најисплатлива за Компанијата.

## 3.7 Сметководство и финансиски извештаи

# Посветени сме на прописно финансиско сметководство и известување

### КОРПОРАТИВНО НАЧЕЛО

Строго се придржуваме до законските одредби за прописно сметководство и финансиско известување. Транспарентноста и коректноста се наши врвни приоритети, бидејќи неправилностите може да имаат сериозни последици за Компанијата и за одговорните лица. За таа цел, редовно ги информираме сите чинители на пазарот на капитал за нашата финансиска состојба и деловните случувања. Нашите периодични финансиски извештаи ги објавуваме навремено во согласност со националните и меѓународните сметководствени прописи.

### МОЈОТ ПРИДОНЕС

Ги организирам процесите на начин што гарантира дека сите деловни финансиски податоци се правилно и навремено внесени во сметководствениот систем. Доколку имам прашања во врска со правилното внесување на податоците, го контактирам мојот претпоставен или финансискиот сектор.

### ПРИМЕР

Итно ви треба нова опрема. За жал, буџетот на вашиот сектор за тековната фискална година веќе е потрошен. Сепак, размислувате да ја набавите опремата и да ги прокнижите трошоците во следната фискална година кога ќе има нов буџет

Не преземајте такви активности. Записите мора секогаш да бидат правилно прокнижени. Неточното книжење може да има сериозни последици за Компанијата и вработените.

## 3.8 Контрола на извоз

# Гарантираме усогласеност со сите прописи во прекуграничната трговија



**КОРПОРАТИВНО НАЧЕЛО**

Свесни сме за нашата општествена одговорност во поглед на обврските за контрола на извозот и санкциите и затоа се обврзуваме да се придржуваме до релевантното законодавство.

Прекуграничните деловни процеси и трансакции може да подлежат на забрани, ограничувања, барања за одобрување или други надзорни мерки според прописите за контрола на извозот. Може да се однесуваат на деловни партнери, стоки, земји, финансиски ресурси или наменета употреба. Ова се однесува на технологии и софтвер, како и на стоки и производи. Дополнително, опфаќа привремен прекуграничен трансфер и технички преноси, на пример, по е-пошта или во облак. Одредени увози може да подлежат на прописи за контрола на извозот.

Гарантираме усогласеност со важечките прописи за контрола на извозот и внатрешните политики.

**МОЈОТ ПРИДОНЕС**

Моја должност е редовно да ги проверувам внатрешните информации и политики за контрола на извозот.

На тој начин се информирам дали мојата секојдневна работа подлежи на прописи за контрола на извозот.

Доколку дознаам дека се прекршуваат прописите за контрола на извозот во мојата област на одговорност, веднаш ги преземам сите можни активности за да ги спречам или отстранам таквите прекршоци.

Доколку се двоумам, барам совет од одговорното лице за контрола на извоз.

**ПРИМЕР**

Би сакале да стапите во деловни односи со потенцијален клиент кој може да е на списокот со санкции.

Секогаш придржувајте се до важечката легислатива. Контактирајте ја соодветната единица за контрола на извоз за да ги координирате следните чекори.

# НИЕ СМЕ ЧЕСНИ КОРПОРАТИВНИ ГРАЃАНИ

**Сносиме општествена одговорност и гарантираме дека нашата компанија придонесува за одржлив развој.**


**4.1 Комуникации и маркетинг**
**4.2 Политичко лобирање**
**4.3 Соработка со јавни службеници**
**4.4 Донации и спонзорства**
**4.5 Даноци и царина**
**4.6 Заштита на податоци**
**4.7 ИТ безбедност**
**4.8 Усогласеност на производи**
**4.9 Заштита на околината**




## 4.1 Комуникации и маркетинг

# Комуницираме јасно и со почит

**КОРПОРАТИВНО НАЧЕЛО**

Се трудиме нашата комуникација да биде јасна и доследна со цел да ја задржиме довербата на клиентите, инвеститорите и другите засегнати страни. Пред да се обврзете и/или да остварите некаква комуникација или реклама, таквите активности мора најпрво да се координираат со надлежниот сектор. Промисленоста и однесувањето со почит ни се во крвта.

**МОЈОТ ПРИДОНЕС**

Не давам јавни изјави во име на мојата Компанија и барањата секогаш ги упатувам до Секторот за комуникации. Доколку давам коментари на јавни, комерцијални или културни настани или на интернет, јасно ставам до знаење дека го искажувам исклучиво мојот личен став. Се придржувам до насоките за социјални медиуми на Компанијата во однос на правилно однесување на социјалните мрежи.

**ПРИМЕР**

Вработен во Групацијата дава изјава за медиуми за продажба на производи од друг бренд на Групацијата. Ова остава впечаток дека вработениот зборува во име на брендот и во службено својство.

Контактирајте го вработениот и објаснете му дека официјалните ставови на Компанијата за нејзините производи ги даваат само овластени лица. Препратете ја изјавата до соодветниот сектор за да проверите дали е потребно соопштение за јавноста.

## 4.2 Политичко лобирање

# Ставовите на нашата компанија ги изразуваме на одговорен и јасен начин

**КОРПОРАТИВНО НАЧЕЛО**

Како членови на општеството, можеме да ги промовираме ставовите на Компанијата во процесите на донесување одлуки, како што се оние за законодавните планови преку политичко лобирање.
Нашето политичко лобирање е централизирано и во согласност со начелата на отвореност, отчетност и одговорност. Се подразбира дека нашата интеракција со политичките партии и интересни групи се заснова на принципот на неутралност. Не е дозволено прекумерно влијание во политиката или законодавството.

**МОЈОТ ПРИДОНЕС**

Не се мешам во политичките одлуки на Компанијата доколку немам такво овластување. Ако сум овластен, ги почитувам внатрешните политики при извршувањето на моите должности.

**ПРИМЕР**

Имате роднина кој работи во Министерството за транспорт и врски кој бара ваше мислење за нацрт-законот што ќе влијае на автомобилската индустрија. Ве прашува и за ставот на Групацијата за овој закон. Не коментирајте.

Политичкото лобирање на Компанијата исклучиво се координира на централно ниво и се врши отворено и транспарентно. Овластен контакт за ваквите лобирачки активности е Секторот за надворешни односи.

## 4.3 Соработка со јавни службеници

# Внимаваме кога работиме со јавни службеници

### КОРПОРАТИВНО НАЧЕЛО

Во поглед на националното и меѓународното законодавство, постои зголемен ризик од корупција кога се работи со јавни службеници. Ова е земено предвид во нашите внатрешни политики кои ја утврдуваат рамката во однос на придобивките. Конкретно, не нудиме никакво олеснување ниту забрзување на плаќањата, т.е. плаќања на јавни службеници кои ги олеснуваат или забрзуваат редовните или рутинските службени акти.

### МОЈОТ ПРИДОНЕС

Свесен сум дека постои зголемен ризик од корупција кога се работи со јавни функционери. Затоа, ги следам важечките правила. Разбирам дека имам обврска да се консултирам со Секторот за усогласеност во овој поглед.

### ПРИМЕР

Како дел од надворешната ревизија спроведена од организација за техничка ревизија за добивање задолжителна сертификација, би сакале да ги поканите ревизорите од ревизорската организација на ручек.

Вработените во ревизорските организации се сметаат за јавни службеници бидејќи извршуваат суверени функции во име на државата за спроведување на сертификацијата. Во случајов, имате задолжителна обврска однапред да го известите Секторот за усогласеност. Од таму ќе ви помогнат да процените дали засегнатите лица се сметаат за јавни службеници.



## 4.4 Донации и спонзорства

# Општествено сме одговорни на многу начини

**КОРПОРАТИВНО НАЧЕЛО**

Даваме донации, т.е., доброволни прилози без обврска за враќање на средствата, како и спонзорства врз основа на договорена повратна услуга за социјални цели за да го подобриме нашиот углед и јавната перцепција. Со цел да се избегне конфликт на интереси и да се воспостави стандардна постапка во рамките на Компанијата, донации и спонзорства се дозволени само во контекст на соодветната правна рамка и согласно важечките правила на брендовите и компаниите на Групацијата.

Донациите и спонзорствата се доделуваат преку транспарентен процес на одобрување. Одобруваме парични исплати и/или непарични придобивки за научни, добротворни, културни или религиозни цели. Освен тоа, донации даваме исклучиво на институции кои се признати како добротворни и/или даночно привилегирани.

**МОЈОТ ПРИДОНЕС**

Доколку сметам дека одредено спонзорство е достојно за поддршка, остварувам првични контакти со соодветниот сектор во Компанијата, на пример, комуникации, надворешни односи и човечки ресурси.

Донирањето мора да биде транспарентно, т.е. целта и примателот на донацијата да се познати, а финансиското управување мора да биде документирано и лесно проверливо. Се придржувам до внатрешните процеси и општите услови и не иницирам донации што може да го нарушат угледот на Компанијата.

**ПРИМЕР**

Обожавател сте на одреден фудбалски клуб и сакате да обезбедите финансиска поддршка во форма на корпоративно спонзорство.
Одлуките за спонзорирање се носат во согласност со сите важечки прописи, во консултација со релевантните сектори и се засноваат на објективни критериуми. Доколку се сомневате дека вашиот клуб или друг спонзориран субјект не ги исполнува критериумите на Компанијата за спонзорирање, предочете му го ова на Секторот за усогласеност.

## 4.5 Даноци и царина

# Доследно ги почитуваме даночните и царинските прописи

**КОРПОРАТИВНО НАЧЕЛО**

Како глобална компанија, свесни сме за нашата општествена одговорност и обврски во однос на надворешната трговија, даноците и царините, и изречно ја поддржуваме усогласеноста со националното и меѓународното законодавство.

**МОЈОТ ПРИДОНЕС**

Креирам внатрешни структури и процеси на начин што гарантира дека даноците и царините што треба да ги платат соодветните компании на Групацијата се пресметуваат правилно, навремено и целисходно, се обелоденуваат во извештаите и се плаќаат на релевантните фискални органи.

Доколку добијам информации за прекршување на даночните и царинските прописи во мојата област на одговорност, ги преземам сите можни мерки за да го спречам или прекинам прекршокот. Доколку тоа не е можно, стапувам во контакт со соодветното лице во даночно-царинското одделение.

**ПРИМЕР**

Одговорни сте за книжење одредени деловни трансакции како што се трошоци за одржување и за производство во задолжителните финансиски извештаи. Еден проект надминува одредени контролни параметри на почеток на финансиската година. Добивате насоки да ги внесете трошоците под точка одржување иако трансакцијата несомнено се однесува на инвестиции и затоа мора да се книжи како капитализирани трошоци за производство. Записот го книжите во согласност со законските барања. Сите деловни трансакции мора правилно да се пријават во согласност со трговското право и даночните прописи бидејќи сметководството ја формира основата за годишните даночни пријави. Оттука, сметководствените грешки може да доведат до неточни даночни пријави и сериозни последици за Компанијата и одговорните вработени според даночното и царинското законодавство.

## 4.6 Заштита на податоци

# Со податоците ракуваме многу внимателно




### КОРПОРАТИВНО НАЧЕЛО

Придаваме големо значење на одговорно, безбедно и транспарентно ракување со податоците. Собираме, обработуваме, користиме и складираме лични податоци исклучиво во согласност со законските барања. Ги заштитуваме личните податоци на клиентите, вработените – вклучувајќи ги и поранешните вработени и апликантите – и партнерите како што се добавувачите и развојните партнери.

### МОЈОТ ПРИДОНЕС

Личните податоци ги третирам доверливо, а моите постапки се јасни и транспарентни. Ги заштитувам податоците во текот на работата и се трудам сите податоци во мојата област на одговорност да бидат безбедни. Преземам одговорност и внимавам на размената на податоци низ целиот синџир на вредности. Доколку се двоумам, контактирам со претпоставениот или Секторот за заштита на податоци.

### ПРИМЕР

Организиравте семинар со надворешни учесници и добивате лични податоци во врска со семинарот. Еден колега ве замолува да му ги дадете адресите за да им испрати комерцијални пораки за нашите производи и услуги на сите учесници.

Не споделувајте ги овие податоци без претходно да се консултирате со Секторот за заштита на податоци. Во принцип, податоците може да се обработуваат само за целта за која се собрани.

## 4.7 ИТ безбедност

# Ги обезбедуваме нашите ИТ системи

**КОРПОРАТИВНО НАЧЕЛО**

Ја гарантираме ИТ безбедноста и се придржуваме до важечките прописи за безбедност на информациите. Прописите за безбедност на информациите содржат упатства за различни групи на вработени и важат за сите.

**МОЈОТ ПРИДОНЕС**

Ги знам и почитувам важечките прописи за ИТ безбедност. Како дел од синџирот за ИТ безбедност, давам активен придонес со тоа што постојано внимавам и се трудам моите основни ИТ безбедносни вештини да бидат во тек со технолошките промени.

**ПРИМЕР**

Добивате е-пошта од некој кој тврди дека е деловен партнер и бара одредени доверливи информации за тековниот проект. Чувствувате дека тонот на пораката е необичен и се чини дека барањето е лажно.

Контактирајте го Секторот за ИТ безбедност за да утврдите дали вашето сомневање е точно. Прашајте го претпоставениот дали доверливите информации може да се пренесуваат на трети лица.

## 4.8 Усогласеност на производи

# Нашите производи го инспирираат светот

**КОРПОРАТИВНО НАЧЕЛО**

Нашите производи инспирираат безброј луѓе ширум светот. Даваме висок приоритет на усогласеноста и безбедноста на нашите производи. Наша одговорност е да обезбедиме дека ризиците по здравјето, безбедноста, животната средина и средствата на нашите клиенти или трети страни кои произлегуваат од употребата на овие производи се исклучени секаде каде што е можно.

Во согласност со законските одредби, нашите производи ги развиваме по најсовремената технологија, земајќи ги предвид дополнителните безбедносни барања кои произлегуваат од најновите технолошки откритија.
Ова се прави систематски со воспоставени структури и процеси. Откако ќе се пуштат на пазарот, нашите производи постојано се следат на терен за да може навремено да се преземат соодветни мерки во случај на неусогласеност. Не правиме никакви компромиси во овој поглед.

**МОЈОТ ПРИДОНЕС**

Внимателно ги почитувам сите одредби важни за мојата секојдневна работа. Поставувам реални цели. Доколку се појави конфликт, усогласеноста на нашите производи секогаш има приоритет, без оглед на притисокот на времето или трошоците. Затоа, ги прифаќам дефинираните процеси и континуирано се подобрувам. Заедно ги утврдуваме и пополнуваме празнините во процесите со цел да ги исполниме сите обврски. Контактирам со мојот претпоставен или со тимот за PCMS доколку имам прашања или дилеми за усогласеноста на производот.

**ПРИМЕР**

Клиент ве контактира за да пријави технички проблеми со возилото. Не сте сигурни дали проблемите се должат на оперативна грешка од страна на клиентот или поради дефект во производството или конструкцијата.

Веднаш решете ја работата. Неопходно е да се погрижиме нашата Компанија да го реши секој проблем за кој е одговорна. Грешките направени од клиентот може да бараат и реакција од нашата Компанија во смисла на измени во упатствата за употреба или обуките за апликациите.

## 4.9 Заштита на околината

# Сносиме одговорност за околината и одржливоста



### КОРПОРАТИВНО НАЧЕЛО

Како глобално трговско претпријатие, сносиме одговорност за еколошката компатибилност и одржливост на нашите производи, локации и услуги. Се стремиме да бидеме глобален снабдувач на одржлива мобилност и пример за заштита на животната средина. Вложуваме во еколошки, напредни и ефикасни технологии, кои ги имплементираме во целиот животен циклус на нашите производи. Од раните фази на развој и производство па натаму, се грижиме внимателно да управуваме со природните ресурси, постојано да го намалуваме влијанието врз животната средина и да ги почитуваме законите и прописите за заштита на животната средина.

Понатаму, постојано ја проценуваме еколошката компатибилност на производите и производните процеси, оптимизирајќи ги таму каде што е потребно. Ние сме одговорен член на општеството и партнер за политики. Водиме дијалог со сите играчи за идните концепти за мобилност и еколошки одржлив развој.

### МОЈОТ ПРИДОНЕС

Внимавам на животната средина во текот на мојата работа, а ресурсите и енергијата ги користам економично и ефикасно. Се грижам моите активности да имаат најмало можно влијание врз животната средина и да се усогласени со законите и прописите за заштита на животната средина.

### ПРИМЕР

Забележувате дека славината од чешмата од мијалникот во канцеларијата постојано капе. Ова може да потроши големи количини вода доколку не се поправи.

Веднаш пријавете ја расипаната чешма кај одговорните колеги и укажете на проблемот.

# ПОДДРШКА

**Нудиме поддршка за Кодексот на однесување.**

**СПРЕЧУВАЊЕ ПОГРЕШНО ОДНЕСУВАЊЕ, ЛИЦА ЗА КОНТАКТ, СИСТЕМ НА УКАЖУВАЧИ**

Нашиот Кодекс на однесување е обврзувачка рамка за постапување со интегритет и во согласност со правилата на Групацијата. Како вработени во Групацијата, имаме одговорност да го почитуваме Кодексот со цел да се спречи прекршување на законот и да се избегне нанесување штета на Компанијата. Повредите на законите и внатрешните политики се истражуваат веднаш. Во зависност од сериозноста на повредата, може да има дисциплински, граѓански или кривични последици за засегнатите вработени. Докажаното недолично однесување може да влијае и на платата. Затоа поразговарајте со својот претпоставен или побарајте стручен совет доколку имате прашања или дилеми или доколку се сомневате дека настанала повреда на внатрешните или надворешните прописи. Секторот за човечки ресурси и претставниците на вработените се таму за да ве поддржат. Може да контактирате и со службеникот за усогласеност на Компанијата или со службата за совети за усогласеност во секое време на:
**Е-пошта: compliance@porsche.co.at**

Дополнително, може да се поднесуваат пријави за прекршоци преку Системот на укажувачи на Групацијата Volkswagen. Пријавата може да ја поднесете анонимно или да го откриете својот идентитет. Системот за укажувачи на Групацијата Volkswagen мора да ги истражи сите пријави во врска со сериозни законски прекршоци.

Сериозен законски прекршок е суштинска повреда на етичките вредности од Кодексот на однесување. И повредите на законите и прописите кои може значително да влијаат на угледот или финансиските интереси на Компанијата се сметаат за сериозен законски прекршок. Во сите други случаи, прво треба да побарате совет од претпоставениот, од Секторот за човечки ресурси или од Усогласеност.

Менаџерите мора да послужат како пример. Одлуките што ги носат во име на Компанијата мора секогаш да ги земат предвид вредностите и прописите. Ова вклучува итно пријавување разумно сомневање за сериозен законски прекршок.

Целта на Системот на укажувачи е да ја заштити нашата Компанија, укажувачот и сите лица кои помагаат во истрагата и прекинувањето на недоличното однесување. Дискриминацијата против нив се смета за сериозен законски прекршок.



Истовремено, Системот на укажувачи ги штити интересите на обвинетите лица. За нив пресумпцијата на невиност важи сè додека не се докаже прекршокот. Работата на Системот за укажувачи се заснова на униформни процеси и доверлива, професионална обработка на пријавите. Не се толерира никаква злоупотреба на Системот на укажувачи и истата ќе биде соодветно казнета.

Потенцијалните повреди на Кодексот на однесување за деловни партнери, вклучувајќи сериозни ризици, кршење на човековите права и законите за животната средина од директни и индиректни добавувачи може да се пријават и до Централното истражно биро.

# До Системот на укажувачи може да пристапите преку следниве канали:

**Детали за контакт со истражното биро**:

| | |
|---|---|
| Поштенска адреса: | Централно истражно биро<br>П. факс 1717<br>38436 Волфсбург, Германија |
| 24/7 линија: | +800 444 46300<br>+49 5361 946300 |
| Е-пошта: | io@volkswagen.de |
| Онлајн канал за пријави:<br>(овој канал може да се користи и за анонимни пријави) | https://www.bkms-system.com/vw |
| Лично: | Ве молиме закажете состанок однапред на следнава е-пошта io@volkswagen.de |

Освен тоа, на располагање имаме искусни надворешни адвокати кои работат како неутрални посредници (народни правобранители). Како правни советници, тие разгледуваат пријави за можни повреди на законот, внатрешните прописи или друго однесување штетно за Порше Холдинг. Доколку е потребно, и ако е познат идентитетот на укажувачот, се остварува директен контакт кога се бара повратна информација. Откако ќе завршат подготовките, народниот правобранител ги проследува сите информации договорени со укажувачот - анонимно доколку така бара лицето - до нашиот Систем на укажувачи за понатамошна обработка.

**Контакт детали за народните правобранители**:

Интернет: https://www.ombudsmen-of-volkswagen.com

Дополнителни информации за Системот на укажувачи на Групацијата Фолксваген, народните правобранители и надворешниот канал за известување (доколку е применливо) се достапни на интернет на линкот: **https://www.volkswagenag.com/en/group/compliance-and-risk-management/whistleblowersystem.html**.

# САМОСТОЕН ТЕСТ ПРИ НОСЕЊЕ ОДЛУКИ

**Доколку во кое било време се двоумите дали вашето однесување е во согласност со начелата од Кодексот на однесување, поставете си ги следниве прашања:**




1. **Дали ги земав предвид сите релевантни аспекти и дали правилно ги измерив?** (тест на содржина)

2. **Дали сум сигурен дека мојата одлука е во рамките на законските барања и ограничувањата на компанијата?** (тест на законитост)

3. **Дали ќе стојам на мојата одлука кога ќе се дознае?** (тест на супервизор)

4. **Дали сметам дека сите вакви случаи треба да се решаваат на ист начин во целата компанија?** (тест на универзалност)

5. **Дали сметам дека мојата одлука е правилна доколку компанијата треба да ја оправда јавно?** (тест на јавност)

6. **Дали би ја прифатил мојата сопствена одлука доколку јас би бил засегнат?** (тест на засегнатост)

7. **Што би рекло моето семејство за мојата одлука?** (второ мислење)

Ако одговорот на прашањата од 1 до 6 е „да", а одговорот на прашањето 7 е позитивен, вашето однесување најверојатно е во согласност со нашите начела. Доколку некои прашања останат неодговорени или не сте сигурни во одговорот, треба да стапите во контакт со лицата наведени во ова поглавје.

© VOLKSWAGEN AKTIENGESELLSCHAFT

Интегритет и усогласеност на Групацијата
Поштенски факс 1717
38436 Волфсбург
Германија

Верзија 3.0 | јануари 2024 година